ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:12-78/6**

**Дата: 02.03.2010**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КИЧЕВО**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на Општина Кичево за 2008 година, кои се прикажани на страните од 8 до 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Органот на Општина Кичево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи на Органот на Општина Кичево за 2005 година. За вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и за наменското и законското користење на средствата дадено е негативно мислење.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Владимир Толески, градоначалник во 2008 година;

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 7 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во периодот од 09.11 до 02.12.2009 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни корекции на финансиските извештаи прифатени и спроведени од страна на субјектот.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 18.02.2010 година примени се забелешки на Претходниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година на Општина Кичево за средствата на сметката на Органот, под број 05 – 287/1 од 12.02. 2010 година, од Градоначалникот на општина Кичево. Истите се разгледани при што е одлучено следното :

- забелешките кои се однесуваат на наодот од точка **10.4.2. не се прифаќаат** од причина што истите имаат карактер на известување за преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата, а наодот останува во Конечниот извештај. По овој наод во Конечниот извештај препораката се брише од причина што субјектот по истата постапил во фаза на забелешки по Претходен извештај.
- забелешките на точка **10.5.1. алинеја 1 се прифаќаат и алинеја 1 од наодот се брише,** од причина што на ревизијата и се доставени дополнителни документи кои за време на ревизијата не и беа дадени на увид.

11**.** Со ревизијата на финансиските извештаи за 2008 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли во процесите**

**11.1.1. Процес на плаќање**

При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на безготовинско и готовинско плаќање, ревизијата констатира дека не се воспоставени интерни контроли кои ќе обезбедат доволно ниво на сигурност и ќе спречат ризик од плаќања по некомплетна и непотврдена документација од овластени лица и почитување на договорените услови за плаќање, што е спротивно на Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Причините за овие ризици се следните:

- немање пишани процедури за движење на документацијата во кои ќе бидат дефинирани и разграничени надлежностите и одговорностите во однос на потврдување на комплетноста и вередостојноста на трансакциите;
- немање на упатство за материјално и финансиско работење;
- иако има назначено вработен како одговорен сметководител истиот не врши проверка и одобрување на документацијата која треба да се плати;
- нема поставено раководители на секторите, одделенијата кои ќе вршат

контрола и координација на работењето на вработените.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општина Кичево да:
- донесе пишани процедури за движење на документацијата и упатство за материјално и финансиско работење;
- да назначи раководители на пооделни сектори и одделенија, согласно Правилникот за систематизација на работните места.

Одговорниот сметководител да врши проверка на документацијата која треба да се плати дали е во согласност со законската регулатива.

**11.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

11.2.1. Пописот на средствата и изворите на средствата на Општина Кичево со состојба на 31.12.2008 година не е целосно извршен, што не е во согласност со Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, бидејќи со извршениот попис на обврските, не е утврдена правната основа на истите.
Не целосното спроведување на пописот е резултат на непостоење на акти за спроведување на пописот и не постапување согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.
Ваквиот начин на постапување создава можност за нереално искажување на состојбите во сметководството и изготвување на финансиски извештаи кои нереално ја прикажуваат состојбата на средствата и изворите на средствата.

**Препорака:**
Пописната комисија при вршење на попис на обврските спрема добавувачите, да ја утврдува правната основа и причините за неизмирување на истите.

11.2.2. За евидентирање на набавката и давањето во употреба на материјалите нема утврдено сметководствена политика, која треба да се применува во целиот пресметковен период, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Не се изготвуваат приемници при приемот на материјалите и испратници на основа требувањата од поодделните одделенија и служби на општината.
Не евидентирањето на приемот и издавањето на материјалите придонесува да се нема увид во состојбата на истите и можност за ненаменско користење.

**Препорака:**
- да се воспостави сметководствена политика за евидентирање на материјалите;
- сметководствените трансакции да бидат поткрепени со соодветни сметководствени документи.

**11.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

11.3.1. Ставката Основни плати и надоместоци во Билансот на приходи и расходи е искажана во поголем износ за 301 илјади денари, поради исплата на надоместок на членови на Советот на општината за учество во работата на комисиите, што е спротивно на Законот за плати и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката. Ваквиот начин на исплати придонесува за незаконско и ненаменско користење на средствата на општината и до зголемени расходи.

**Препорака:**

За незаконски исплатените парични средства надлежните служби во Општина Кичево да преземат мерки за враќање на истите.

11.3.2. Ревизијата не можеше да се увери во реалноста на направените расходи за горива и масла во износ од 1.466 илјади денари, од причина што истите не се поткрепени со комплетна документација што е спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Плаќањата се извршени само врз основа на месечни фактури и испратници во кои се наведени видот и количините на горивото, но не и кои возила полнеле гориво. Претходното придонесува за искажување на расходи за кои не може со сигурност да се утврди дали се направени за потребите на општината.

**Препорака:**

Надлежните во сметководството евидентирањето и плаќањето на обврските спрема добавувачите за набавка на гориво за возилата на општината да го вршат на основа веродостојна и комплетна документација.

11.3.3. Во текот на 2008 година од позицијата Трансфери до невладини организации со одлуки на Советот на Општина Кичево трансферирани се средства во вкупен износ од 1.120 илјади денари до еден ракометен и два фудбалски клуба од Кичево, кои до општината немаат доставено програми како и извештаи за исполнување на програмските активности. Советот на Општина Кичево донел Програма за култура и спорт за 2008 година, но со неа не е предвидено финансирање на спортски активности, износ на средства за таква намена, а не се предвидени и критериуми за доделување на средствата. Отсуството на Програма со утврдени критериуми, не објавувањето оглас за доделување средства создава можност за субјективност во одлучувањето, нетранспарентност, незаконско и ненаменско користење на средствата. Ваквото постапување е спротивно на Законот за локална самоуправа и Законот за здруженија на граѓани и фондации.

**Препорака:**

Во Програмата за култура и спорт да се предвиди финансирање на спортски активности, износ на средства за таква намена и критериуми за доделување на средствата.

11.3.4. Ревизијата не се увери во објективноста на дел од расходите на ставката Други тековни расходи за износ од 1.586 илјади денари направени по основ на фактури за угостителски услуги кои не секогаш се поткрепени со спецификации, без да е наведено кога е услугата извршена, кој е корисник на услугата од општината, по кој повод истата е извршена и без постапка за јавна набавка.

Општина Кичево нема акт со кој се регулира правото на користење на угостителски услуги во земјата и во странство, кој може да биде корисник на ваква услуга и во кои услови (протоколарни и официјални посети на домашни и странски гости, работни средби и слично).

Поголем дел од расходите за угостителски услуги во износ од 1.065 илјади денари се направени кај правниот субјект „Уготајм„ ДООЕЛ Кичево, правен субјект во кој градоначалникот на Општина Кичево има сопственичко учество, поради што согласно Законот за спречување на корупцијата, постои судир на интереси и истиот бил должен во периодот на вршење на функцијата градоначалник да не воспоставува деловни односи со овој субјект или доколку биле воспоставени од порано да се изземе од одлучување и да ја извести Државната комисија.

**Препорака:**

Градоначалникот како одговорно лице да иницира постапка за донесување интерен акт за репрезентација со кој ќе се дефинира кој има право на репрезентација, висината на

репрезентацијата, во кои случаи актот ќе се применува и поткрепувачката документација како потврда на финансиската трансакција.

11.3.5. Избраниот најповолен понудувач за набавка на гориво за греење екстра лесно за грејната сезона 2008/2009 година за потребите на Општина Кичево по Оглас за јавна набавка број 20/2008 од 06.08.2008 година, во понудата која ја доставил понудил рабат-намалување на малопродажната цена по која ќе фактурира за испорачаното гориво од 6,10 денари по литар на важечката цена утврдена според методологијата од страна на регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.
Ревизијата од извршениот увид констатира дека тоа не е почитувано во сите случаи, бидејќи е фактурирано по повисоки цени од цените кои требало да се применат согласно понудата и договорот. Ефект од таквото постапување е фактуриран и платен поголем износ за 689 илјади денари од износот кој требало да се фактурира според прифатената понуда и договорот за набавка на гориво за греење.
Горивото за греење екстра лесно, во најголем дел е за потребите на училиштата и детската градинка, а во помал дел за потребите на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот да формира комисија која ќе изврши проверка на фактурите и за повеќе фактурираниот износ да бара од добавувачот исправка на истите и враќање на повеќе платените средства.

**11.4. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.4.1. Од имотот добиен согласно Решението бр. 23-257/54 од 08.02.2000 година, за пренесување на право на сопственост на недвижен имот од Република Македонија на општина Кичево врз основа на спроведен делбен биланс, донесено од Владата на Република Македонија, општина Кичево во својата евиденција има евидентирано само еден дел. Причина е тоа што надлежните во општината не извршиле утврдување на вредноста на целокупниот имот добиен со наведеното решение туку само на дел од имотот. Поради тоа искажаната состојба на 31.12.2008 година не ја претставува реалната состојба на материјалните средства и изворите на средствата.

**Препорака:**
На основа решението, да се изврши утврдување на вредноста на имотот согласно Методологијата за проценка на вредноста на недвижниот имот и евидентирање во сметководствената евиденција на материјалните средства сопственост на општина Кичево кои не се евидентирани.

11.4.2. За пресметка на амортизацијата на материјалните средства за 2008 година не се применети годишни стапки пропишани со Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, туку стапките кои важеле пред донесување на овој правилник. Ефектот од тоа е неточно пресметана исправка на вредноста на материјалните средства и нереално искажана состојба на сегашната вредност на истите во сметководството и Билансот на состојба за 2008 година.
Во периодот на забелешки по Претходен извештај извршена е корекција на амортизацијата и евидентирана е во сметководствената евиденција со што оваа неправилност е надмината.

**11.5. Неправилна примена на Законот за јавни набавки**

11.5.1. При увидот во спроведувањето на постапките за јавни набавки, ревизијата утврди не применување на одредбите од Законот за јавни набавки и под законските акти од областа на јавните набавки поради следното:

- нема изјави за непостоење конфликт на интереси од членовите на Комисијата за јавни набавки.

- извршени се набавки на стоки и услуги без спроведување на постапки за јавни набавки во вкупен износ од 598 илјади денари и тоа: за превоз на лица, за ноќевање на гости, угостителски услуги за одржување на одредени манифестации и материјали за ликовна колонија.

12. Ефектите од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата се корекција на состојбата на поодделни сметки и тоа:
- намалување на состојбата на сметката Материјали на залиха за износ од 5.193 илјади денари со истовремено намалување, за истиот износ, на состојбата на сметката Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови, ситен инвентар и хартии од вредност), за погрешно евидентирање на залихи на материјали;
- зголемување на состојбата на сметката Активни временски разграничувања за износ од 2.307 илјади денари со истовремено зголемување за истиот износ на состојбата на сметката Обврски за примени аванси поради неевидентирани обврски на уплати на надоместок за уредување на градежно земјиште од физички лица со кои не се склучени договори за плаќање на овој надоместок;
- намалување на состојбата на сметката Обврски спрема добавувачи во земјата за износ од 2.955 илјади денари со истовремено намалување на состојбата на сметката Активни временски разграничувања за истиот износ, поради не евидентирано плаќање на обврски спрема добавувачот А.Д. Гранит Скопје по судско решение;

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.2. и 11.4. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Органот на Општина Кичево под 31 декември 2008 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

14. Според наше мислење, освен за изнесеното во точките 11.3. и 11.5., кај Органот на Општина Кичево, за 2008 година е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи.

15. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2005 година, за сметката на Органот на Општина Кичево, од страна на надлежните од Општина Кичево делумно е постапено согласно важечката законска регулатива и во работењето за 2008 година не се јавуваат наоди кои се констатирани во претходно споменатиот извештај, а се однесуваат на неоснована исплата на плати. Што се однесува до другите наоди од ревизијата од 2005 година не се преземени мерки за надминување на состојбите.

**16.Обелоденување**

16.1.1. Ревизијата смета за потребно да го обелодени следното:
По судско извршно решение на Основниот суд Кичево, Општина Кичево има исплатено на правниот субјект „Тара-Дизајн„ ДООЕЛ Прилеп износ на главен долг од 1.576 илјади денари, по фактури за услуги од областа на урбанизмот. Според известувањето од надлежните, средствата се исплатени на основа на испоставени фактури а работата не е извршена. На барање на ревизијата не и беа целосно презентирани докази, документација која се состои од детални урбанистички планови, измена на урбанистички планови и други услуги од областа на урбанизмот согласно

испоставените фактури. Од извршениот увид на движењето на документацијата за овој вид на услуги се констатира дека фактурите за овие услуги не се примаат во одделението за урбанизам како би можело надлежните од истото да потврдат за веродостојноста на извршените работи по истите, туку од архивата се доставуваат кај градоначалникот кој со свој потпис ги одобрува за плаќање и потоа се евидентираат во книговодството како обврски и се врши нивно плаќање.
Ваквиот начин на работење придонел да се евидентираат обврски кои реално не се настанати.

16.1.2. Со судска пресуда на Основниот суд Кичево, Општина Кичево е задолжена да му плати на правниот субјект „Нова Градба“ ДООЕЛ Кичево износ на главен долг од 3.663 илјади денари, по Завршна ситуација број 07-24/1 од 24.04.2003 година, за извршени работи од 10.08.2002 до 24.04.2003 година на објект Колектор „СУШИЦА„ Кичево. Извршена е продолжена ревизија кај правниот субјект при што е констатирано дека побарувањето по Завршна ситуација број 07-24/1 од 24.04.2003 година во книговодството на овој субјект е евидентирано во месец декември 2008 година, поради што постои можност и данокот на додадена вредност по оваа ситуација во износ од 559 илјади денари да е искажан во даночната пријава за 2008 година или со задоцнување од 5 (пет) години.

Скопје, 24.02.2010 Овластен државен ревизор

**ОРГАН НА ОПШТИНА КИЧЕВО**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1. | 97.110 | 47.741 |
| **Вкупно приходи** | | **97.110** | **47.741** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.2.1. | 26.413 | 21.004 |
| Стоки и услуги | 3.2.2. | 17.254 | 13.736 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.3. | 16.265 | 5.523 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **59.932** | **40.263** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 37.178 | 7.478 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **37.178** | **7.478** |
| **Вкупно расходи** | | **97.110** | **47.741** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА КИЧЕВО**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ 2008 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2008 | 2007 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Активни временски разграничувања | 4.1.1. | 61.193 | 69.623 |
| Залихи | | 0 | 5.184 |
| **Вкупно тековни средства** | | **61.193** | **74.807** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 545 | 1.163 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 101.596 | 83.224 |
| Материјални средства во подготовка | | 0 | 8.485 |
| **Вкупно постојани средства** | | **102.141** | **92.872** |
| **Вкупна актива** | | **163.334** | **167.679** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 55.887 | 57.793 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 4.165 | 10.940 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.3. | 1.006 | 755 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.4. | 135 | 135 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 1.162 | 10.265 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **62.355** | **79.888** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 100.979 | 87.791 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **100.979** | **87.791** |
| **Вкупна пасива** | | **163.334** | **167.679** |

**ОРГАН НА ОПШТИНА КИЧЕВО**

**ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2008 ГОДИНА**

во 000 денари

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2008 година** | **82.607** | **5.184** | **87.791** |
| **Зголемување по основ на:** | | | |
| Набавки | 21.653 | 9 | **21.662** |
| **Намалување по основ на:** | | | |
| Извршена исправка во текот на ревизијата | - | 5.193 | **5.193** |
| Амортизација | 3.281 | - | **3.281** |
| **Состојба 31.12.2008 година** | **100.979** | **-** | **100.979** |